Република Македонија
Интернационален универзитет
ЕУРОПА ПРИМА
Бр. 03-78
16.04. 2026 год.
СКОПЈЕ

ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН УНИВЕРЗИТЕТ
ЕУРОПА ПРИМА
2007
„Никола Русински" Бр. 1, 1000 Скопје / тел. + 389 2 306 1543
www.europaprima.com / www.europaprima.edu.mk / E-mail: info@europaprima.com

# ТРИГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИНСТИТУТОТ ЗА СЦЕНСКИ УМЕТНОСТИ ЗА ПЕРИОД 2026 – 2028

## 1. ВОВЕД

Институтот за сценски уметности претставува високо специјализирана научно-истражувачка, уметничко-продукциска и развојна единица во рамките на Интернационалниот универзитет „Еуропа Прима" – Скопје. Институтот е регистриран како приватен научен институт. Неговата улога не се ограничува само на продукција и промоција на сценски практики, туку пред сè се дефинира како истражувачки центар за сценски студии, со фокус на анализа, интерпретација и теоретско артикулирање на современите и традиционалните сценски феномени.

Во овој контекст, Институтот развива:

- систематско научно истражување во областа на театарот, драматургијата, перформансот и интермедијалните уметности,
- уметничко-истражувачки (practice-based research) модели, архивирање, дигитализација и анализа на сценската продукција,
- креирање културни политики базирани на истражувачки податоци.поддршка на професорскиот и уметничкиот кадар во истражувања,
- унапредување на сценската уметност преку национални и меѓународни активности,
- креирање продукциски и културни иницијативи,

- обезбедување експертиза, анализи, јавни политики и развојни програми во областа.

Овој документ го утврдува тригодишниот развоен и истражувачки план за периодот 2025–2028, со посебен акцент на јакнење на научниот капацитет, меѓународната видливост и продукцијата на рецензирани научни резултати. Институтот за сценски уметности развива интегриран и систематски научно-истражувачки пристап кој ја опфаќа широката област на театарот, драматургијата, перформативните практики и интермедијалните уметности. Истражувачката дејност се заснова на методолошки прецизни и теоретски утврдени рамки, со цел да се продуцираат нови знаења, аналитички модели и критички интерпретации на сценските феномени во локален, регионален и европски контекст.

Посебен акцент се става на развојот на уметничко-истражувачки (practice-based research) модели, во кои уметничката пракса не се третира само како резултат, туку и како метод на истражување. Преку ваквиот пристап се овозможува директна врска меѓу теоријата и практиката, при што сценската продукција станува лабораторија за создавање на нови естетски, аналитички и методолошки сознанија.

## 2. МИСИЈА И ВИЗИЈА

### 2.1. МИСИЈА

- Развива систематски научно-истражувачки пристап кон сценските уметности,
- Поттикнува публикации во рецензирани списанија и меѓународни издавачки куќи,
- Развива методологии за анализа на перформанс, режија, актерска игра и сценски простор,
- Поттикнува истражување и афирмација на сценските уметности, преку научни и културни настани.
- Организира фестивали, конференции и симпозиуми, со цел презентација на современите сценски практики.

- Развива издавачка дејност, вклучувајќи ги списанијата „Линк“ и „Сум“ и публикации на професори и соработници.
- Создава платформа за соработка меѓу уметници, научници и културни институции.
- Промовира македонска култура и сценски идентитет на национално и меѓународно ниво.
- Овозможува непречено усовршување на кадарот, учество на меѓународни конференции и презентација на научно-творечки резултати.

### 2.2. ВИЗИЈА

- Да се развие во респектирана регионална и меѓународна научно-културна институција, препознатлива по истражувањата и афирмацијата на сценските уметности.
- Да биде водечка платформа за културна и научна размена, која ќе ја поврзува домашната и интернационалната академска и уметничка заедница.
- Да го афирмира културниот идентитет преку современи сценски практики, промоција на македонската уметничка продукција и интердисциплинарни истражувања.
- Да обезбеди континуитет и развој на научниот кадар, вклучувајќи млади истражувачи и соработници, преку ефикасна обука и учество во проекти и конференции.

## 3. ПОДРАЧЈА НА ИСТРАЖУВАЊА

Институтот за сценски уметности својата истражувачка дејност ја темели врз повеќеслојна и интердисциплинарна рамка која ги опфаќа како традиционалните, така и современите и експериментални форми на уметничко изразување. Во таа насока, подрачјата на истражување се конципирани како динамичен простор на пресек меѓу теоријата и практиката, каде уметничкиот чин се разгледува не само како естетска појава, туку и како културен, општествен и филозофски феномен. Овој пристап овозможува создавање на отворен истражувачки систем, во кој различни дисциплини се надополнуваат, а уметничката практика се развива во континуиран дијалог со критичката мисла.

Согласно Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) (Службен весник на РСМ бр.91/2024), Институтот за сценски уметности својата истражувачка дејност ќе ја остварува во Научното подрачје 6- Хуманистички науки, Научно поле 6.04 - Уметности (Уметност, Историја на уметност, Изведувачки уметности, Музика), Научно потполе 6.04.02 - Драмски и аудиовизуелни уметности.

### 3.1. ПРОДУКЦИЈА (6.04.02.02)

Истражувањето во областа на продукцијата се фокусира на комплексните процеси на создавање, организација и реализација на сценски и аудиовизуелни проекти. Во рамките на ова подрачје, продукцијата се третира не само како логистичка и административна активност, туку како суштински креативен чин кој влијае врз конечниот уметнички резултат. Истражувачкиот интерес е насочен кон современите модели на културна продукција, вклучително и независните и алтернативни продукциски практики, кои сè повеќе добиваат значење во контекст на современите уметнички сцени.

Посебен акцент се става на колективните процеси на создавање, каде авторството се распределува помеѓу повеќе учесници, што отвора нови прашања за одговорноста, креативноста и авторскиот интегритет. Воедно, се истражуваат и влијанијата на дигиталните технологии врз продукцијата, како и трансформацијата на традиционалните форми на дистрибуција и презентација на уметничките дела. На овој начин, продукцијата се разбира како динамична и променлива практика, која постојано се адаптира на новите културни и технолошки услови.

### 3.2. СЦЕНСКОИЗВЕДУВАЧКИТЕ УМЕТНОСТИ (6.04.02.03)

Сценскоизведувачките уметности претставуваат јадрото на истражувачката дејност на Институтот, обединувајќи ги глумата, драматургијата, режијата, операта и балетот како меѓусебно зависни и комплементарни дисциплини. Ова подрачје го опфаќа уметничкиот чин, во кој присуството на изведувачот и непосредниот однос со публиката

создаваат единствено и неповторливо искуство, отворајќи простор за истражување на уметноста како процес, а не само како резултат.

Истражувањата во ова поле се насочени кон продлабочување на разбирањето на актерската игра како процес на телесна, психолошка и емоционална трансформација, при што се отвораат прашања за присуството, автентичноста и сценската вистина. Актерот се разгледува како медиум преку кој се артикулира човечкото искуство, а неговото тело и глас стануваат носители на значење во сценскиот простор.

Во областа на драматургијата, фокусот е ставен на анализа и создавање на драмски текстови, како и на нивната адаптација во современи сценски контексти. Се истражуваат новите форми на пишување кои ја напуштаат класичната наративна структура и се движат кон фрагментарност, постдрамски израз и интертекстуалност, со што драмскиот текст се трансформира во отворена структура подложна на различни сценски читања.

Режијата се разгледува како уметност на синтеза, која ги обединува сите сценски елементи — текстот, телото, звукот и визуелниот простор — во кохерентна целина, истовремено отворајќи простор за експеримент и иновација. Режисерскиот пристап се разбира како концептуален и авторски чин, кој ја обликува перцепцијата на публиката и го дефинира значењето на сценската слика.

Во рамките на ова подрачје, операта се третира како сложена музичко-драмска форма во која гласот, музиката и сценската акција се спојуваат во единствен изразен систем. Истражувањата се насочени кон односот помеѓу музичката структура и сценската интерпретација, како и кон современите режисерски пристапи кои овозможуваат нови читања на класичниот и современиот оперски репертоар.

Балетот, од друга страна, се истражува како уметност на движењето, каде телото станува примарен носител на значење. Преку кореографијата, ритамот и физичката експресија, балетот отвора простор за истражување на телесноста, дисциплината и емоцијата како автономен сценски јазик, кој комуницира без потреба од збор.

Ова подрачје ги охрабрува истражувањата кои ги преиспитуваат границите на театарската форма, особено во однос на телото како медиум, времето како структура и

просторот како активен учесник во изведбата. Интеграцијата на драмските, музичките и телесните практики овозможува развој на хибридни сценски форми, кои одговараат на комплексноста на современиот уметнички израз.

### 3.3. ТЕАТРОЛОГИЈА (6.04.02.05)

Театрологијата претставува клучно теоретско подрачје кое овозможува длабинско разбирање на сценските уметности. Истражувањата во оваа област опфаќаат историски, теориски и критички пристапи кон театарот, разгледувајќи го како комплексен културен феномен. Театарот се анализира не само како уметничка форма, туку и како општествена практика која рефлектира и обликува колективни вредности, идеологии и идентитети.

Во рамките на ова подрачје, особено значајни се истражувањата поврзани со перформанс студиите, естетиката, семиотиката и филозофијата на театарот. Се отвораат прашања за репрезентацијата, присуството, телесноста и гледањето, како и за односот помеѓу изведувачот и публиката. Театрологијата, во овој контекст, функционира како критичка алатка која овозможува деконструкција на уметничките практики и нивно поставување во поширок културен и историски контекст.

### 3.4. ФИЛМОЛОГИЈА (6.04.02.06)

Филмологијата, со посебен акцент на филмската режија, претставува подрачје кое го проширува истражувачкиот фокус на Институтот кон аудиовизуелните медиуми. Филмот се разгледува како автономна уметничка форма, но и како медиум кој воспоставува сложен однос со театарот, како преку заемно влијание, така и преку суштински разлики во изразните средства.

Истражувањата се насочени кон визуелниот јазик на филмот, режисерските поетики, наративните структури и естетските стратегии кои го обликуваат филмското дело. Особено внимание се посветува на авторскиот и независниот филм, како и на експерименталните форми кои ја преиспитуваат границата помеѓу фикцијата и

реалноста. Воедно, се анализира и влијанието на новите технологии врз филмската уметност, вклучително и дигиталната продукција и новите медиуми.

### 3.5. ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИТЕ ПЕРФОРМАНСИ (6.04.02.07)

Експерименталните перформанси претставуваат подрачје на интензивно уметничко и теоретско истражување, каде традиционалните форми на израз се доведуваат во прашање и се трансформираат. Ова подрачје ги опфаќа постдрамските практики, перформанс уметноста, site-specific изведбите, како и интермедијалните и мултимедијалните проекти.

Во фокусот на истражувањето е телото како централно средство на израз, но и како место на отпор, ранливост и присуство. Експериментот се разбира како процес кој не тежнее кон финален резултат, туку кон отворање на нови можности за уметничко дејствување. Овие практики често ја вклучуваат публиката како активен учесник, со што се редефинира традиционалната поделба помеѓу изведувач и гледач.

Ова подрачје овозможува развој на нови сценски јазици и форми, кои одговараат на комплексноста на современото искуство, при што уметноста се позиционира како простор на истражување, ризик и трансформација.

Институтот може да реализира истражувања во соработка со домашни и меѓународни високообразовни установи, научни институции, културни организации и други релевантни субјекти, во согласност со важечката законска регулатива и релевантните подзаконски акти.

## 4. SWOT анализа

### 4.1. Силни страни

Една од клучните предности на Институтот за сценски уметности претставува професионалниот кадар, кој се одликува со висок академски и уметнички кредибилитет. Овој човечки потенцијал овозможува квалитетна синтеза помеѓу теоретското знаење и

практичното искуство, што е од суштинско значење за развојот на современи сценски практики. Присуството на уметници, истражувачи и педагози со различни профили создава плодна средина за интердисциплинарна размена и иновативен пристап кон уметноста.

Дополнително, значајна силна страна е воспоставената соработка со театри, фестивали и културни институции, која овозможува директна поврзаност со професионалната сцена. Овие партнерства не само што ја олеснуваат реализацијата на проекти, туку и придонесуваат кон поголема видливост и релевантност на Институтот во културниот простор.

Институтот исто така покажува јасна подготвеност за развој на меѓународни проекти, што претставува важен предуслов за вклучување во пошироки европски и глобални културни текови. Оваа ориентација кон интернационализација отвора можности за размена на знаења, мобилност и соработка со сродни институции.

### 4.2. Слабости

И покрај своите потенцијали, Институтот се соочува со одредени ограничувања кои влијаат врз неговиот развој. Една од главните слабости е ограничената техничка инфраструктура, која може да го отежне реализирањето на покомплексни сценски и аудиовизуелни проекти. Во современиот контекст, каде технологијата игра значајна улога во уметничкото создавање, ова претставува сериозен предизвик.

Покрај тоа, постои недоволен обем на систематизирано истражување, што укажува на потребата од појасно структурирање на научно-истражувачката дејност. Развивањето на континуирани истражувачки програми и публикации би придонело кон поголема академска видливост и влијание.

Дополнителен предизвик претставува потребата од диверзификација на изворите на финансирање. Основањето на стабилен и одржлив финансиски модел е клучно за долгорочно функционирање, особено во услови на ограничени јавни средства за култура.

### 4.3. Можности

Современиот културен и институционален контекст нуди бројни можности за развој и проширување на дејноста на Институтот. Особено значајни се европските програми за култура, истражување и иновации, кои обезбедуваат финансиска и структурна поддршка за реализација на меѓународни проекти. Вклучувањето во вакви програми може значително да го зголеми капацитетот и видливоста на Институтот.

Дополнително, постои потенцијал за активно учество во меѓународни мрежи за сценски студии, што овозможува размена на знаења, искуства и добри практики. Овие мрежи претставуваат платформа за позиционирање на Институтот во поширок академски и уметнички контекст.

Интердисциплинарните проекти, особено оние кои ги поврзуваат театарот со филмот, музиката и мултимедијата, отвораат нови креативни и истражувачки хоризонти. Ваквиот пристап е во согласност со современите тенденции во уметноста, каде границите помеѓу дисциплините сè повеќе се разградуваат.

### 4.4. Закани

Во процесот на развој, Институтот се соочува и со надворешни фактори кои можат да влијаат негативно врз неговото функционирање. Една од главните закани е финансиската нестабилност на културниот сектор, која директно влијае врз достапноста на средства и можностите за реализација на проекти.

Дополнително, присуството на конкурентни институции во регионот создава потреба од јасно профилирање и континуирано унапредување на квалитетот, со цел да се задржи релевантноста и препознатливоста. Во ваков контекст, иновацијата и автентичниот пристап стануваат клучни фактори за опстанок и развој.

Технолошката динамика, исто така, претставува предизвик, бидејќи бара постојани вложувања и адаптација кон новите алатки и медиуми. Недоволното следење на овие промени може да доведе до заостанување во однос на современите уметнички и продукциски практики.

## 5. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ (2026 - 2028)

Стратешките цели на Институтот за сценски уметности за периодот 2025–2028 се поставени со намера да обезбедат долгорочен, одржлив и систематски развој на научно-истражувачката и уметничко-продукциската дејност. Овие цели не претставуваат само оперативни насоки, туку и концептуална рамка за позиционирање на Институтот како релевантен чинител во националниот и меѓународниот културен и академски простор.

### 5.1. Развој и поддршка на научно-истражувачките активности

Развојот на научно-истражувачката дејност претставува една од основните стратешки определби на Институтот. Во овој контекст, ќе се работи на создавање услови за континуирано продуцирање на научни трудови, истражувачки проекти и аналитички студии во областа на сценските уметности.

Посебен акцент ќе се стави на:

- развој на интердисциплинарни истражувачки пристапи кои ги поврзуваат театарот со другите уметнички и научни дисциплини;
- поттикнување на публикации во рецензирани меѓународни списанија;
- вклучување на истражувачи во европски и глобални научни мрежи;
- развој на уметничко-истражувачки модели (practice-based research), каде сценската практика се третира како истражувачки процес.

Оваа цел има за цел да го позиционира Институтот како активен продуцент на знаење, а не само како институција за уметничка продукција.

### 5.2. Јакнење на уметничко-продукцискиот капацитет на Институтот

Уметничката продукција претставува суштински сегмент од дејноста на Институтот, преку кој теоретските сознанија се трансформираат во конкретни сценски

форми. Во таа насока, ќе се работи на создавање стабилен и континуиран продукциски модел кој ќе овозможи реализација на домашни и меѓународни проекти.

Активностите ќе опфатат:

- развој на сопствени сценски продукции;
- воспоставување на копродукциски партнерства со домашни и странски институции;
- поддршка на експериментални и истражувачки сценски форми;
- вклучување на млади уметници и истражувачи во продукциските процеси.

Со оваа цел, Институтот ќе придонесе кон развојот на современи сценски јазици и ќе создаде простор за иновативни уметнички практики.

### 5.3. Интернационализација и учество во европски програми

Интернационализацијата претставува клучен фактор за развој и препознатливост на Институтот. Во периодот 2025–2028 ќе се работи на интензивирање на меѓународната соработка преку учество во европски програми, мрежи и проекти.

Во оваа насока, Институтот ќе:

- аплицира на програми како Creative Europe и Horizon Europe;
- воспоставува партнерства со универзитети, театри и истражувачки центри;
- организира и учествува на меѓународни конференции, фестивали и симпозиуми;
- овозможува мобилност на кадарот и размена на знаење.

Оваа стратешка цел има за цел да ја зголеми видливоста на Институтот и да го интегрира во европскиот културен и академски простор.

### 5.4. Дигитална трансформација на сценските практики и архивирањето

Во услови на брз технолошки развој, дигиталната трансформација претставува неопходен процес за модернизација на сценските уметности. Институтот ќе работи на

развој на дигитални алатки и платформи кои ќе овозможат нови форми на продукција, презентација и истражување.

Клучните активности ќе вклучуваат:

- дигитализација на сценски продукции и архивски материјали;
- развој на дигитални бази на податоци за истражување;
- примена на нови технологии (VR, AR) во сценските уметности;
- создавање на онлајн платформи за презентација и дистрибуција на содржини.

Со ова, Институтот ќе се позиционира како современа институција која ги следи и имплементира технолошките иновации.

### 5.5. Јакнење на инфраструктурата и техничките капацитети

Развојот на инфраструктурата претставува предуслов за квалитетна реализација на научните и уметничките активности. Во таа насока, ќе се работи на модернизација на техничката опрема и подобрување на работните услови.

Ова вклучува:

- набавка на современа сценска и аудиовизуелна опрема;
- развој на лабораториски и експериментални простори;
- подобрување на условите за истражување и продукција.

### 5.6. Развој на партнерства и ангажман со културниот и академскиот сектор

Институтот ќе развива активна соработка со релевантни институции со цел размена на знаење, ресурси и искуства. Оваа соработка ќе овозможи пошироко влијание и поголема ефективност на активностите.

### 5.7.Одржливо финансиско и организациско функционирање

Одржливоста е основа за долгорочен развој. Институтот ќе работи на диверзификација на финансиските извори и на воспоставување ефикасни механизми за управување.

## 6. АКТИВНОСТИ ПО ГОДИНИ:

### 6.1. ГОДИНА I – 2026

#### 6.1.1. Научно - истражувачка дејност

Научно-истражувачката дејност на Институтот е насочена кон развој на критичка мисла, унапредување на театарската теорија и поттикнување на интердисциплинарни истражувања во полето на сценските уметности. Во таа насока се предвидува организација на научна конференција со наслов „Европски автори на македонски сцени“, на која ќе учествуваат професори и истражувачи вклучени во Erasmus+ програмата. Оваа конференција има за цел да воспостави дијалог помеѓу европските театарски практики и македонскиот културен контекст, овозможувајќи трансфер на знаење, методологии и уметнички искуства.

Паралелно со тоа, се планира и организација на научна конференција „Интеракција со балкански автори“, која ќе ја продлабочи соработката меѓу истражувачи, театролози и драматурзи од земјите на Балканот. Оваа иницијатива предвидува и активно учество на регионални фестивали низ Северна Македонија и поширокоот Западен Балкан, со што се поттикнува културна размена и зајакнување на регионалната научно-уметничка мрежа.

#### 6.1.2. Уметничко-продукциски програми

Уметничко-продукциските програми на Институтот се насочени кон реализација на меѓународни копродукции и развој на современи сценски проекти кои ги поврзуваат различните европски уметнички сцени. Во таа рамка се предвидува интернационална продукција помеѓу Институтот и Куќата на поезија и театар од Нормандија, Франција, базирана на драмскиот текст „Среќата е нова драма во Европа“. Проектот предвидува

соработка помеѓу режисерот Дејан Пројковски и Патрик Вершуерен, со планирано учество во програмата „Скопје – Град на култура“.

Овој тип на продукциски активности има за цел да ја зајакне меѓународната видливост на Институтот, како и да поттикне создавање на современи сценски дела кои произлегуваат од дијалог помеѓу различни културни и уметнички традиции.

#### 6.1.3. Интернационализација

Процесот на интернационализација претставува стратешка определба на Институтот, насочена кон проширување и продлабочување на соработката со странски високообразовни и уметнички институции. Во таа насока се предвидува склучување на договор за продолжување на соработката со Универзитетот Париз-Пантеон-Асас II, со што се овозможува континуитет во академската размена и заедничките истражувачки активности.

Исто така, се планира продолжување на соработката со Нов Бугарски Универзитет, како и со Академијата на уметности во Нови Сад. Овие партнерства претставуваат значаен сегмент во градењето на регионална и европска мрежа на институционална соработка, која овозможува мобилност на студенти и професори, заеднички проекти и размена на уметнички практики.

#### 6.1.4. Дигитализација

Во рамките на процесот на дигитална трансформација, Институтот предвидува дигитализација на селектирани театарски претстави со висока уметничка и меѓународно призната вредност. Овој процес се реализира во чест на 20-годишниот јубилеј на Универзитетот Еуропа Прима и има за цел зачувување, архивирање и достапност на значајни сценски остварувања.

Дигитализацијата се разбира не само како технички процес, туку и како форма на културна меморија и уметничка документација, која овозможува трајност на ефемерната природа на театарската уметност и нејзина достапност за идни истражувања и анализи.

#### 6.1.5. Партнерства

Институтот развива активна и континуирана соработка со бројни театри и културни институции на територијата на Северна Македонија. Во оваа мрежа се вклучени Драмски театар, Македонски народен театар, Велешки театар, Битолски театар, како и повеќе домови на култура, меѓу кои Дом на култура во Битола, Дом на култура во Ресен, Центар за култура Струмица, Народен театар Штип и Народен театар Охрид.

Овие партнерства претставуваат клучен механизам за практична реализација на уметнички и истражувачки проекти, овозможувајќи директна врска помеѓу академската средина и професионалната сцена. Преку оваа соработка се создава простор за размена на искуства, заеднички продукции и унапредување на културната инфраструктура во земјата.

### 6.2. ГОДИНА II – 2027

#### 6.2.1. Истражување

Истражувачката дејност на Институтот е насочена кон зачувување, анализа и афирмација на македонското театарско и културно наследство, како и кон активно вклучување во современите европски истражувачки текови. Во таа насока, се реализираат проекти од значајна културна и научна вредност, како што е изработката на „Мемоари за животот и делото на великанот Мето Јовановски“, проект кој се спроведува во соработка помеѓу проф. Јордан Плевнеш, проф. Гоце Ристовски и проф. Трајче Кацаров, и кој е пријавен на конкурс објавен од Министерството за култура.

Паралелно со тоа, се реализира и проектот „Мемоари за животот и делото на великанот Благоја Чоревски“, кој се изработува од проф. Гоце Ристовски во соработка со проф. Јордан Плевнеш и Марија Панзова. Овој проект веќе има добиено финансиска

поддршка од Министерството за култура, што ја потврдува неговата релевантност и значење за националната културна меморија.

Дополнително, Институтот активно работи на аплицирање во европски истражувачки фондови, како што се Creative Europe и Horizon Europe, со цел обезбедување финансиска поддршка и вклучување во меѓународни истражувачки проекти. Оваа ориентација кон европските програми овозможува проширување на истражувачките капацитети, размена на знаења и интеграција во пошироки научни и уметнички мрежи.

### 6.2.2. Уметничка практика

Уметничката практика на Институтот претставува простор на активна размена помеѓу теоријата и изведбата, каде истражувањето се трансформира во жив уметнички чин. Во рамките на ова подрачје се предвидува организација на научни конференции посветени на значењето на балетот и операта во модерната уметност и современото општество. Овие конференции имаат за цел да ја истакнат улогата на музичко-сценските уметности како важни носители на културни вредности и современи естетски тенденции.

Покрај тоа, се планира и организација на панел дискусија со наслов „Сценски лаборатории и експериментални форми“, во рамките на Интернационалниот театарски фестивал „Актерот на Европа“. Оваа активност ќе овозможи отворање на критички дијалог за новите форми на сценско изразување, со посебен акцент на експериментот како метод на уметничко истражување

### 6.2.3. Интернационализација

Интернационализацијата претставува клучен сегмент од развојната стратегија на Институтот, насочен кон вклучување во релевантни европски и меѓународни мрежи. Во таа насока се предвидува учество во организации и платформи како COST Action,

ENCATC и ELIA, кои претставуваат значајни центри за размена на знаење, културни политики и уметнички практики.

Дополнително, се планира гостување на меѓународни режисери, драматурзи и истражувачи, со што се создава директен контакт со различни уметнички традиции и современи практики. Овие активности придонесуваат кон интернационална видливост на Институтот и развој на отворена, глобално ориентирана уметничка средина.

### 6.2.4. Дигитална трансформација

Во согласност со современите технолошки текови, Институтот предвидува развој на дигитална база за истражувачки ресурси, која ќе овозможи систематизирање, архивирање и лесна достапност на научни и уметнички материјали. Оваа база ќе вклучува текстови, аудиовизуелни записи, архивска документација и други релевантни ресурси, кои ќе служат како основа за понатамошни истражувања.

Дигиталната трансформација се разбира како неопходен чекор кон модернизација на истражувачката и образовната дејност, овозможувајќи поголема достапност, транспарентност и поврзаност со меѓународни платформи.

### 6.2.5. Ангажман со заедницата

Институтот посветува особено внимание на ангажманот со заедницата, препознавајќи ја уметноста како средство за едукација, комуникација и општествена трансформација. Во таа насока се организираат работилници за млади лица кои покажуваат зголемен интерес кон уметноста, со цел поттикнување на нивната креативност и развој на нови таленти.

Покрај тоа, се реализираат и работилници наменети за културни работници, кои имаат за цел унапредување на нивните професионални компетенции и поттикнување на современи пристапи во културната пракса. Преку овие активности, Институтот се

позиционира како активен учесник во културниот живот на заедницата, придонесувајќи кон нејзиниот развој и едукација.

## 6.3. ГОДИНА III – 2028

### 6.3.1. Консолидација на истражувањето

Во насока на зајакнување и систематизирање на научно-истражувачката дејност, Институтот предвидува активности насочени кон долгорочна консолидација на знаењето и негова институционална афирмација. Една од клучните активности е издавањето на регионална монографија за сценски уметности, која ќе ги обедини релевантните теоретски, историски и современи перспективи од поширокиот балкански контекст. Оваа публикација има за цел да стане референтен извор за истражувачи, уметници и студенти, придонесувајќи кон развојот на театарската мисла во регионот.

Паралелно со тоа, се предвидува основање на Центар за сценски уметности како институционална платформа за интеграција на истражувачките, едукативните и продукциските активности. Центарот ќе функционира како простор за континуирана размена на знаења, реализација на проекти и развој на нови уметнички и научни иницијативи.

### 6.3.2. Продукција

Во областа на продукцијата, Институтот се стреми кон развој на современи и иновативни сценски проекти со меѓународен карактер. Во таа насока се предвидува реализација на меѓународна продукција во соработка со Интернационалниот театарски фестивал „Актерот на Европа“, што ќе овозможи поврзување со релевантни уметници и институции од европската сцена.

Дополнително, се планира поставување на сценски проект кој ќе вклучува елементи на дигитални медиуми, со што ќе се истражуваат новите можности на сценскиот израз во контекст на технолошкиот развој. Овој тип на продукција

претставува обид за интеграција на традиционалниот театар со современите визуелни и дигитални практики.

### 6.3.3. Интернационален развој

Интернационалниот развој претставува значаен сегмент од стратегијата на Институтот, насочен кон негово позиционирање во европскиот и глобалниот културен простор. Во таа насока се предвидува членство во најмалку две европски уметнички или академски мрежи, со што ќе се овозможи пристап до меѓународни проекти, ресурси и платформи за соработка.

Исто така, се планира организација на меѓународна конференција во Скопје, која ќе привлече истражувачи, уметници и професионалци од различни земји. Овој настан ќе придонесе кон зајакнување на академската размена и позиционирање на Институтот како релевантен центар за сценски уметности во регионот.

### 6.3.4. Инфраструктура

Развојот на инфраструктурата претставува клучен предуслов за реализација на современи уметнички и истражувачки активности. Во таа насока се предвидува целосна модернизација на техничката опрема, што ќе овозможи повисок квалитет на продукција и поголема флексибилност во уметничките експерименти.

Особено значаен проект е развојот на т.н. „Дигитална сцена“, која ќе биде опремена со современи светлосни, звучни и визуелни системи. Овој простор ќе овозможи реализација на иновативни и интермедијални проекти, при што технологијата ќе стане активен дел од сценскиот израз.

### 6.3.5. Завршна евалуација

Со цел да се обезбеди одржливост и континуитет во развојот, Институтот предвидува систематска завршна евалуација на реализираните активности. Во таа насока ќе се изработува годишен извештај за реализација на тригодишниот план, кој ќе овозможи анализа на постигнатите резултати, идентификација на предизвиците и дефинирање на идните насоки.

Како завршен чекор, се предвидува формулирање на нова Стратегија 2028–2031, која ќе се темели врз искуствата и резултатите од претходниот период. Овој процес ќе овозможи континуирано унапредување на институционалниот развој и прилагодување кон динамичните културни и уметнички текови.

## 7. ИНДИКАТОРИ ЗА УСПЕХ

Индикаторите за успех претставуваат клучен механизам за следење, евалуација и унапредување на активностите на Институтот. Тие овозможуваат јасна квантитативна и квалитативна проценка на постигнатите резултати, како и насочување на идните стратешки активности. Преку дефинирање на конкретни и мерливи цели, Институтот обезбедува транспарентност, одговорност и континуиран развој во сите сегменти на своето делување.

### 7.1. Истражување

Во областа на истражувањето, успехот се мери преку континуирано зголемување на научната продукција и активно учество во меѓународни истражувачки проекти. Во таа насока, се поставува цел за изработка на најмалку шест научни трудови годишно, што ќе придонесе кон зајакнување на академската видливост и влијание на Институтот.

Дополнително, се предвидува реализација на најмалку еден меѓународен истражувачки проект, што ќе овозможи вклучување во глобални истражувачки текови, размена на знаења и развој на нови методологии. Овие индикатори ја потврдуваат посветеноста на Институтот кон развој на релевантна и современа научна дејност.

### 7.2. Уметнички програми

Во рамките на уметничките програми, индикаторите за успех се насочени кон континуирана продукција и развој на квалитетни сценски проекти. Се предвидува реализација на најмалку три продукциски активности годишно, со што се обезбедува динамична и активна уметничка сцена.

Особено значаен индикатор е реализирањето на најмалку една меѓународна копродукција, која овозможува соработка со странски уметници и институции. Овој тип на активности придонесува кон интернационализација на уметничката продукција и зголемување на нејзината видливост.

### 7.3. Интернационализација

Во сегментот на интернационализација, успехот се мери преку развој и одржување на стабилна мрежа на меѓународни партнерства. Во таа насока, се поставува цел за воспоставување и одржување на најмалку пет активни партнерства со странски институции, организации и уметнички центри.

Дополнително, се предвидува учество во најмалку две европски мрежи, што овозможува пристап до меѓународни ресурси, проекти и платформи за соработка. Овие индикатори го потврдуваат стремежот на Институтот кон активно вклучување во глобалниот културен и академски простор.

### 7.4. Дигитализација

Во областа на дигитализацијата, индикаторите за успех се насочени кон развој и имплементација на современи технолошки решенија. Клучен показател е воспоставување на функционален дигитален архив, кој ќе овозможи систематизирање и долгорочно зачувување на уметничките и истражувачките материјали.

Покрај тоа, се предвидува реализација на проекти кои вклучуваат VR (виртуелна реалност) и AR (проширена реалност) технологии, со што се отвораат нови можности за

сценски израз и интеракција со публиката. Овие индикатори ја одразуваат ориентацијата на Институтот кон иновација и адаптација кон современите дигитални трендови.

## 8. ОРГАНИЗАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ

Институтот ќе функционира преку:

- Раководител (Директор) на институтот
- Научно-уметнички совет
- Истражувачки тимови
- Продукциска секција
- Административна поддршка

Сите тела работат во согласност со правилници, Етичкиот кодекс и системот за обезбедување квалитет на Универзитетот.

## 9. ФИНАНСИРАЊЕ

### 9.1. Финансирање од сопствени извори и донации

Одржливото функционирање и долгорочниот развој на Институтот за сценски уметности се темелат на диверзифициран и флексибилен модел на финансирање, кој покрај надворешните извори, значајно се потпира и на сопствени приходи и донации. Ваквиот пристап овозможува поголема финансиска стабилност, институционална автономија во креирањето на програмските активности, како и континуирано унапредување на научно-истражувачките и уметничко-продукциските капацитети. Истовремено, диверзификацијата на изворите го намалува ризикот од зависност од еден финансиер и создава одржлив систем кој може да се адаптира на променливите културни и економски услови.

#### 9.1.1. Сопствени извори на финансирање

Сопствените приходи на Институтот се генерираат преку повеќе комплементарни активности, кои ја поврзуваат уметничката, истражувачката и едукативната дејност со економската одржливост.

#### 9.1.1.1. Уметничко – продукциска дејност

- Приходите од продажба на билети за театарски претставни, перформанси, фестивали и други културни настани претставуваат значаен извор на средства, истовремено обезбедувајќи директна врска со публиката.
- Копродукциските проекти со домашни и меѓународни партнери овозможуваат споделување на ресурси, ризици и приходи, при што се зајакнува и меѓународната видливост на Институтот.
- Комерцијалната експлоатација на авторски права, снимки и дигитални продукции создава дополнителни можности за приход, особено во контекст на дигиталната дистрибуција.

#### 9.1.1.2. Издавачка дејност

- Продажбата на научни и стручни публикации, монографии, зборници од конференции и списанија како „Линк“ и „Сум“ придонесува кон финансиската одржливост и академската афирмација.
- Дигиталната дистрибуција на публикации преку онлајн платформи овозможува поширока достапност и нови канали за приходи.
- Претплатите и институционалните лиценци за научни изданија создаваат стабилен и континуиран финансиски прилив.

#### 9.1.1.3. Едукативни и консултантски услуги

- Организацијата на работилници, обуки, летни школи и специјализирани курсеви овозможува трансфер на знаење и дополнителни финансиски средства.
- Консултантските услуги во областа на сценските уметности, културните политики и продукцијата ја позиционираат институцијата како релевантен експертски центар.
- Изработката на експертски анализи, студии и истражувачки извештаи за јавни и приватни субјекти претставува значаен сегмент од применетото истражување.

#### 9.1.1.4. Изнајмување ресурси и инфраструктура

- Изнајмувањето на сценски простор, техничка опрема и продукциски капацитети овозможува ефективно користење на институционалните ресурси.

- Користењето на дигиталната платформа и архив од страна на трети лица создава дополнителни извори на приход.
- Организацијата на настани за надворешни корисници ја проширува функцијата на Институтот како културен и продукциски центар.

### 9.1.2. Финансирање преку донации и спонзорства

Институтот активно развива стратегија за привлекување на донации и спонзорства, препознавајќи ги како важен столб на финансиската одржливост и развој.

#### 9.1.2.1. Индивидуални и корпоративни донации

- Финансиските донации од физички лица, уметници, алумни и поддржувачи на културата претставуваат израз на општествена поддршка и доверба.
- Спонзорствата од компании, во замена за промотивна видливост, придонесуваат кон поврзување на културата со корпоративниот сектор.
- Долгорочните партнерства со компании создаваат стабилна основа за заеднички проекти и иницијативи.

#### 9.1.2.2. Меѓународни фондации и културни организации

- Поддршката од фондации и институции кои финансираат култура, уметност и истражување овозможува реализација на проекти со поширок опсег.
- Грантовите за специфични проекти, фестивали, конференции и публикации придонесуваат кон развој на програмските активности.
- Соработката со амбасади и културни центри овозможува дополнителна институционална поддршка и меѓународна размена.

#### 9.1.2.3. Донаторски кампањи и фондови

- Организирањето на јавни кампањи за прибирање средства (crowdfunding) ја вклучува пошироката заедница во поддршката на уметноста.
- Формирањето на фонд за поддршка на млади уметници и истражувачи придонесува кон развој на нови генерации.
- Специјализираните донаторски програми овозможуваат насочено финансирање на конкретни проекти, како дигитализација, продукција или издаваштво.

## 9.2. Управување и транспарентност на финансиски средства

Ефикасното управување со финансиските ресурси претставува предуслов за доверба, стабилност и одржлив развој.

### 9.2.1. Планско буџетирање

- Годишното планирање на приходите и расходите се базира врз програмските активности и стратешките цели на Институтот.
- Диверзификацијата на изворите на финансирање овозможува намалување на финансиските ризици и поголема стабилност.

### 9.2.2. Транспарентност и отчетност

- Редовното финансиско известување пред раководните тела обезбедува контрола и отчетност.
- Јавната достапност на извештаи за донации и проекти придонесува кон транспарентност и доверба.
- Почитувањето на законските прописи и меѓународните стандарди гарантира одговорно управување.

### 9.2.3. Одржливост и реинвестирање

- Дел од сопствените приходи се реинвестираат во развој на инфраструктурата и човечките ресурси.
- Се обезбедува поддршка за нови истражувачки и уметнички иницијативи.
- Континуирано се унапредуваат техничките и дигиталните капацитети.

## 9.3. Стратешки пристап кон финансиска одржливост

Институтот ќе воспостави интегриран систем за финансиско управување кој ќе обезбеди баланс помеѓу јавните, сопствените и донаторските средства, со цел да се постигне стабилен и одржлив развој. Овој систем ќе ја зајакне автономијата во донесувањето на програмските одлуки, овозможувајќи флексибилност и иновативност во креирањето на уметничките и истражувачките активности.

Преку ваквиот стратешки пристап, Институтот ќе се позиционира како финансиски стабилна и конкурентна институција, способна да одговори на современите предизвици и да се вклучи во меѓународните културни и академски текови.

## 10. УСКЛАДЕНОСТ СО СТАНДАРДИ

Овој план е усогласен со:

- Законот за високо образование на РСМ
- Стандардите ESG 2015
- Националната рамка на квалификации (доколку се развиваат програми во иднина)
- Стратегијата на Универзитетот 2024-2027
- Европски политики за културен и истражувачки развој

Научно-уметнички совет на Институтот за сценски уметности

Директор

Проф. Дарко Мариновски

-------------

Скопје, 16.04.2026